РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
БИРО ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ
Бр.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ / MINISTRIA E FINANCATE
БИРО ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ / BYROJA E PROKURIMIT PUBLIK
Бр.Nr. 04-1254/1
14.08.2019 год.
С К О П Ј Е / SHKUP

Врз основа на член 45 од Законот за административни службеници („Службен Весник на Република Македонија"бр.27/2014, 199/2014 и 48/2015, 154/15, 05/16, 142/16 и 11/18), в.д. Директорот на Бирото за јавни набавки донесе

**О Д Л У К А**
**за избор на кандидат по јавен оглас за вработување на административен службеник**

1.За извршители на работното место УПР 01 01 В04 000 Помлад соработник, Одделение за управна контрола, Сектор за контрола во Бирото за јавни набавки, се избира кандидатот:

**-Добрила Јордановска**

2. Именуваната ќе биде вработена на неопределено време на работното место од претходната точка по завршувањето на постапката за избор и конечноста на оваа одлука.
3.Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Комисијата за селекција на административни службеници, формирана со Решение на директорот на Агенцијата број 10-1133/3 од 11.07.2019 година, на спроведување на постапката за вработување на државен службеник за извршување на работите од точка 1 на оваа одлука, а по објавениот оглас за вработување на државни службеници број 79/2019 од 05.07.2019 година во дневните весници „Нова Македонија", "Слободен печат" и „Koxa", спроведе постапка согласно Законот за административните службеници.

Комисијата за селекција спроведе административна селекција со Записник бр.10-1133/5 од 25.07.2019 година, спроведе испит за административен службеник со Записник бр.10-1133/6 од 08.08 2019 година, како и проверка на веродостојноста на докази и интервју за административен службеник со Записник 10-1133/7 од 07.08.2019 година. По сето ова до Бирото за јавни набавки при Министерство за финансии на ден 12.08. 2019 година, доставена е конечна ранг листа од сите фази на селекција и предлог на кандидат за вработување на горенаведеното работно место со бр.10-1133/8 од 07.08. 2019 година.

Врз основа на приложената документација, в.д. директорот на Бирото за јавни набавки изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

По завршувањето на постапката за избор, в.д. директорот на Бирото за јавни набавки ќе донесе решение за вработување на неопределено време на избраниот кандидат.

Правна поука: Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенција за администрација, во рок од осум дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

в.д. ДИРЕКТОР
**Armir Sadiki**

**Доставено до:**
- Именуваните
- Агенција за администрација
- Одделение за човечки ресурси и
- Архива.

[1] 04-1254/1 [2019]